# СЛУЖ

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ“ излегува во издание на српскохрватски односно хрватскосрпски, словенечки, македонски, албански и унгарски јазик. — Огласи според тарифата. — Жиро-сметка кај Службата на општественото книговодство за претплата, посебни изданија и огласи 608-3-291-2

Понеделник, 6 март 1972
БЕЛГРАД
БРОЈ 14 ГОД. XXVIII

Цена на овој број е 1 динар — Претплатата за 1972 година изнесува 270 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226. — Телефони: централа 650-155; Уредништво 651-885; Служба за претплата 651-732; Комерцијален сектор 651 671.


**103.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА ШЕЌЕРНА РЕПА

1. Стопанските организации што се занимаваат со производство на шеќер (фабриките за шеќер) ќе ја купуваат шеќерната репа од работните организации што произведуваат или вршат откуп на шеќерната репа од индивидуални производители по цена која не може да биде пониска од 0,28 динари за еден килограм.

Работните организации при договарањето на откупот на шеќерната репа од индивидуални земјоделски производители за трошоците на договарањето на откупот можат да засметуваат најмногу 0,013 динари за еден килограм шеќерна репа. Работните организации од износот од 0,013 динари можат да задржат најмногу 0.01 динар за еден килограм шеќерна репа на име покритие на своите трошоци на работењето при откупот и прометот на шеќерната репа.

Фабриката за шеќер ќе го договара со работните организации купувањето на шеќерната репа, по правило, по дигестија. Во тој случај цената од став 1 на оваа точка важи за шеќерна репа со дигестија од 15,5%. За секој цел процент на поголема или помала дигестија од 15,5%, цената се зголемува односно се намалува за 0,0167 динари за еден килограм со тоа што дропките се земаат предвид.

2. Цената од точка 1 на оваа одлука важи за чиста шеќерна репа по одбивање на тежината на туѓи примеси, земја и неисправно одрежани глави, лисје, жилички и опавчиња, франко натоварната станица во местото на работната организација, а по избор на купувачот, при железничка, бродска односно камионска рампа, кеј или дигалка, приготвено за натовар во превозно средство.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за минималната откупна цена за шеќерна репа („Службен лист на СФРЈ“, бр. 8/71 и 28/71).

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 25
2 март 1972 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

**104.**

Врз основа на член 20 став 2 од Законот за формирањето и општествената контрола на цените („Службен лист на СФРЈ“, бр. 12/67, 23/67, 40/68, 11/69 и 15/70), Сојузниот извршен совет донесува

## ОДЛУКА

### ЗА МИНИМАЛНАТА ОТКУПНА ЦЕНА ЗА СОНЧОГЛЕД И СОЈА

1. Стопанските организации што се занимаваат со преработка на сончоглед и соја (фабриките на масло) ќе купуваат сончоглед и соја од работните организации што произведуваат или откупуваат сончоглед и соја од индивидуалните земјоделски производители по цена која не може да биде пониска, и тоа:

| | Дин/кг |
|---|---|
| 1) за сончоглед | 2,40 |
| 2) за соја | 2,60 |

Цената од став 1 на оваа точка се подразбира за еден килограм сончоглед односно соја, франко магацин, вагон, шлеп или друго превозно средство во местото на продавачот, а по избор на купувачот.

2. Цените од точка 1 на оваа одлука важат за сончоглед кој содржи 38% масло, 11% влага и 3% нечистотија, а за соја која содржи 13% влага и 2% нечистотија.

За сончоглед за секој цел процент содржина на масло над или под 38%, минималната цена се зголемува односно се намалува за 0,05 динари по еден килограм, со тоа што дропките се земаат предвид.

За секој цел процент на влага над или под 11% и за секој цел процент нечистотија над или под 3%, цената се зголемува односно се намалува за 0,01 динар по еден килограм сончоглед, со тоа што дропките се земаат предвид.

Работните организации што откупуваат сончоглед од индивидуалните земјоделски производители, можат да засметаат на име трошоци на договарањето на откупот најмногу 0,15 динари по еден килограм сончоглед и соја.

3. Со денот на влегувањето во сила на оваа одлука престануваат да важат Одлуката за минималните откупни цени на определени маслодајки („Службен лист на СФРЈ“, бр. 7/68) и Одлуката за минималната откупна цена на сончоглед („Службен лист на СФРЈ“, бр. 8/71 и 28/71).

4. Оваа одлука ќе се применува врз сончогледот и сојата почнувајќи од родот на 1972 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ“.

Р. п. бр. 26
2 март 1972 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ**, с. р.

## 105.

Врз основа на член 37 став 2, во врска со член 54 од Законот за прометот на стоки и услуги со странство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 27/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 14/65, 28/66, 54/67, 15/71 и 29/71), а во врска со член 20 од Законот за девизното работење („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/66, 54/67, 55/68, 13/69, 20/69, 50/69, 55/69, 32/70, 47/70, 53/70, 15/71, 25/71 и 33/71, Сојузниот извршен совет донесува

# ОДЛУКА

## ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА СТОКИТЕ ЗА КОИ СТОКОВНИТЕ КОНТИНГЕНТИ И ДЕВИЗНИТЕ КОНТИНГЕНТИ ГИ УТВРДУВА СОЈУЗНИОТ СЕКРЕТАРИЈАТ ЗА НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

1. Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, на предлог од Сојузниот секретаријат за стопанство, а по претходно прибавено мислење од Сојузната стопанска комора, ги утврдува количините (стоковен контингент) односно вредностите (девизен контингент) до кои во тековната година можат да се увезуваат следните стоки:

| Реден број | Тарифен број на Царинската тарифа | Наименување |
|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 |
| 1 | 01.02/1б-1 | Крави за колење, молзење и работа |
| 2 | 01.02/2б-1 | Бикови за колење и за работа |
| 3 | 01.02/3б | Волови, други |
| 4 | 01.02/4б-1 | Јуници за гоење, од 6 — 12 месеци |
| 5 | 01.02/4б | Јуници, други |
| 6 | 01.02/5б | Јунчиња, други |
| 7 | 01.02/6б | Телиња, други (до заклучно 6 месеци) |
| 8 | 01.03/2 | Свињи живи за колење |
| 9 | 01.03/3 | Прасиња |
| 10 | 02.01/1 | Месо говедско |
| 11 | 02.01/3 | Месо свинско |
| 12 | 02.02/1 | Кокошки заклани и месо од нив |
| 13 | 02.02/2 | Пилиња заклани и месо од нив |
| 14 | 04.01/1 | Млеко |
| 15 | 04.01/2б | Павлака |
| 16 | 04.03 | Путер |
| 17 | 04.04/1а | Сирење кашкавал |
| 18 | 04.04/1б | Сирење трапист |
| 19 | 04.04/1в | Сирење ементалер |
| 20 | 04.04/1д | Сирење топено |
| 21 | 04.04/1ѓ | Сирење друго |
| 22 | 04.04/2 | Урда |
| 23 | 07.01/1б | Компир, друг |
| 24 | 09.01/1 | Кафе и замена за кафе што содржи кафе |
| 25 | 10.01/1б-2 | Пченица, друга |
| 26 | 10.02 | 'Рж |
| 27 | 10.03/3 | Јачмен за исхрана на добиток |
| 28 | 10.03/4 | Јачмен, друг |
| 29 | 10.05/2 | Пченка за исхрана на добиток |
| 30 | 10.05/3 | Пченка за индустриска преработка |
| 31 | 10.05/4а | Пченка жолта, друга |
| 32 | 10.05/4б | Пченка бела, друга |
| 33 | 10.05/4в | Пченка чинквантин, друга |
| 34 | 10.05/4ѓ | Пченка, друга |
| 35 | 10.06/1а-2 | Ориз во лушпа, друг |
| 36 | 10.06/1б | Ориз излупен |
| 37 | 10.06/2 | Ориз, друг |
| 38 | 11.01/1 | Брашно од пченица или наполица |
| 39 | 12.06/1 | Хмељ и брашно од хмељ (лупулин) савињски |
| 40 | 15.01/1 | Свинска маст |
| 41 | 15.02 | Масти нетопени, говедски, овчи и козји; лој (вклучувајќи и „прв сок") произведен од овие масти |
| 42 | 15.13/1 | Маргарин |
| 43 | 17.01/1 | Шеќер суров |
| 44 | 17.01/2а | Шеќер од шеќерна репа и од шеќерна трска, друг, рафиниран |
| 45 | 17.01/2б | Шеќер од шеќерна репа и од шеќерна трска, друг, кандиран |
| 46 | 17.03/1 | Меласа нејастива |
| 47 | 22.08 | Етил алкохол и неутрални шпиритуси, неденатурирани, јачина 80° и повеќе; денатурирани шпиритуси (вклучувајќи и етил алкохол и неутрални шпиритуси) од која и да е јачина |
| 48 | 24.01 | Тутун, суров или непреработен, отпадоци од тутун |
| 49 | 25.01 | Камена сол, варена сол, морска сол, сол за јадење; чист натриум хлорид, вода од солани, морска вода |
| 50 | 25.24 | Азбест |
| 51 | 26.01/10 | Руди и концентрати на хром |
| 52 | 27.01/1д-1 | Камен јаглен, друг |
| 53 | 27.01/1д-2 | Прав од камен јаглен |
| 54 | 27.01/2а | Брикети од камен јаглен |
| 55 | 27.01/2б | Камен јаглен, друг |
| 56 | 27.02/1а | Мрк јаглен |
| 57 | 27.02/1б | Прав од мрк јаглен |
| 58 | 28.10/2а | Фосфорна киселина, орто- и пирофосфорна киселина |
| 59 | 28.19/1б | Цинков оксид, друг |
| 60 | 28.46/2 | Перборати |
| 61 | 28.47/1а | Натриум бихромат |
| 62 | 29.01/2ѓ-4 | Додецилбензол |
| 63 | 29.02/2 | Трихлоретилен |
| 64 | 29.02/3а | Тетрахлоретилен (перхлоретилен) |
| 65 | 29.06/1б | Феноли пречистени |
| 66 | 29.15/1в | Фтална киселина и анхидрид |
| 67 | 29.15/2а | Диоктилфталат |
| 68 | 29.15/2б | Дибутилфталат |
| 69 | 29.16/1а | Лимонска киселина |
| 70 | 31.04/1 | Калиумови соли, природни, сурови |
| 71 | 32.01/1 | Екстракт за штавење од костен |
| 72 | 37.03/1 | Фотографска хартија црно-бела |
| 73 | 37.03/2 | Фотографска хартија колор |
| 74 | 38.07/1 | Терпентинско масло |
| 75 | 38.08/1 | Колофониум |
| 76 | 38.08/2б | Деривати на колофониум или на смолни киселини, друго |
| 77 | 38.19/1н-3 | Препарати на фенилбетанафтиламини |
| 78 | 39.03/2ѓ | Целофан |
| 79 | 51.01/2а | Рајон |
| 80 | 53.01/1б-2 | Волна, вкрстена, непрана, финост над 30 микрони |
| 81 | 53.01/1в-2 | Волна, табачка, непрана, финост над 30 микрони |
| 82 | 53.01/2б-2 | Волна, вкрстена, прана, финост над 30 микрони |
| 83 | 53.01/2в | Волна табачка, прана |
| 84 | 53.0521б-2 | Волна, вкрстена, влачена или чешлана, финост над 30 микрони |
| 85 | 56.01/1а | Синтетички влакна полиакрилни и полиамидни |

| 1 | 2 | 3 |
|---|---|---|
| 86 | 56.01/2а-1 | Цел-влакно од волнен тип |
| 87 | 56.01/2а | Цел-влакно од памучен тип |
| 88 | 56.02/1 | Влакна синтетички, несечени, во кабли, освен полиестерски |
| 89 | 56.04/1а-2 | Синтетички влакна, чешлани, други |
| 90 | 56.04/1б-2 | Синтетички влакна, други |
| 91 | 56.04/2а-1 | Чешлано цел-влакно од памучен тип, сечено |
| 92 | 56.04/2а-2 | Чешлано цел-влакно од волнен тип, сечено |
| 93 | 56.04/2б-1 | Цел-влакно од памучен тип, сечено, друго |
| 94 | 56.04/2б-2 | Цел-влакно од волнен тип, сечено, друго |
| 95 | 56.05/2б | Предиво од други вештачки влакна |
| 96 | 68.13/1 | Азбестно предиво |
| 97 | 68.13/7а | Азбестно влакно, друго |
| 98 | 70.05/1а | Стакло за прозорци во плочи, необработено |
| 99 | 73.01/2 | Сурово железо, друго |
| 100 | 73.03 | Отпадоци и остатоци (одломки, отсечоци и сл.) од железо или челик |
| 101 | 84.41/1 | Машини за шиење, за домаќинство, обични, комплетни |
| 102 | 84.41/2 | Глави за обични машини за шиење, за домаќинство |
| 113 | 90.19/2а-3 | Забави вештачки домаќинство, комплетни |
| 104 | 84.41/4 | Глави за специјални машини за шиење, за домаќинство, комплетни |
| 105 | 84.62/1 | Топчести лагери |
| 106 | 84.62/2 | Валчести лагери |
| 107 | 84.62/3 | Игличести лагери |
| 108 | 85.03/1 | Суви елементи за електрични џебни ламби |
| 109 | 85.03/2а | Елементи и ќелии за електрични примарни батерии (лекланши и воздушно-деполаризациони) |
| 110 | 85.03/2в | Електрични примарни батерии (лекланши и воздушно-деполаризациони) |
| 111 | 86.09/1 | Колски слогови |
| 112 | 86.09/5б | Оски за железници |
| 113 | 90.19/2а-3 | Заби вештачки |
| 114 | 91.02/2 | Будилници |
| 115 | 91.04/2 | Будилници со голем механизам |

2. За увозот на стоките од точка 1 на оваа одлука, Сојузниот секретаријат за надворешна трговија, во спогодба со Народната банка на Југославија, ќе ги утврди, водејќи сметка за склучените трговски и други спогодби, износот и видот на девизите, а, по потреба, и земјата од која се врши увозот, како и динамиката на користењето на девизите и роковите во кои работните организации треба да се спогодат за меѓусебната распределба (утврдениот стоковен контингент односно девизен контингент).

3. Распределбата на стоковните контингенти и на девизните контингенти од точка 1 на оваа одлука ја вршат работните организации според постапката пропишана за утврдување и распределба на стоковните контингенти односно на девизните контингенти за увоз на стоки.

4. По исклучок од одредбата на точка 3 од оваа одлука, носител на контингентот за увоз на стоките од точка 1 реден број 10 до 38 заклучно и ред. бр. 40, 41, 42, 43, 44, 45 и 49 (само за морска сол) на оваа одлука е Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, а за увозот на стоките од ред. бр. 53, 54 и 55 носител на контингентот е Сојузната дирекција за резерви на индустриски производи.

5. Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи, како носител на контингентот за увозот на стоките од точка 4 на оваа одлука, во рамките на износот и видот на девизите утврдени во смисла на точка 2 од оваа одлука, ќе изврши избор на најповолниот увозник врз основа на одржано јавно наддавање, односно врз основа на претходно извршено собирање на понуди од најмалку три понудувачи. На избраниот најповолен увозник Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи ќе му издаде решение за увозот на одредени стоки од стоковниот контингент односно од девизниот контингент.

Сојузната дирекција за резерви на прехранбени производи ќе го обуслови увозот на кафе со извоз на стоки во земјите од кои се увезува кафето, освен ако во тие земји постојат расположиви средства за плаќање остварени со извоз на југословенски стоки.

6. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 27
2 март 1972 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Џемал Биедиќ, с. р.**

# ОДЛИКУВАЊА

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат по повод шеесетгодишнината на животот и долгогодишната револуционерна работа, а за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

### СО ОРДЕН НА РЕПУБЛИКАТА СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Недељковиќ Радисав;

за особени заслуги на полето на јавната дејност со која се придонесува на општиот напредок на земјата

Петковиќ д-р Коста;

за особени заслуги и постигнати успеси во работата од значење за социјалистичката изградба на земјата

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

Илиќ Милан, Луковиќ д-р Милан, Миловановиќ д-р Бранислав, Павловиќ д-р Стојан;

### СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЦРВЕНО ЗНАМЕ

Антуновиќ-Коблишка инж. Милован, Гаќиќ инж. Младен, Глушчевиќ Бранко, Лешиќ д-р инж. Ѓура, Павловиќ инж. Василије;

### СО ОРДЕН ЗАСЛУГИ ЗА НАРОД СО СРЕБРЕНИ ЗРАЦИ

Милутиновиќ д-р екон. Велимир;

СО ОРДЕН НА ТРУДОТ СО ЗЛАТЕН ВЕНЕЦ

Јокановиќ инж. Бранко, Јовиќ инж. Петар, Миладиновиќ инж. Боривоје, Најдановиќ инж. Никола, Просен Драгутин.

Бр. 45
5 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА
РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за долгогодишна револуционерна работа и покажани извонредни заслуги во организирањето и изградбата на општествениот систем и за особен придонес од општо значење за развитокот на социјализмот и јакнењето на независноста на Социјалистичка Федеративна Република Југославија

СО ОРДЕН ЈУНАК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИОТ ТРУД

Милентие Поповиќ.

Бр. 46
10 мај 1971 година
Белград

Претседател на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Индонезија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЛЕНТА

Abdullah Kamil, извонреден и ополномоштен амбасадор на Република Индонезија во Социјалистичка Федеративна Република Југославија.

Бр. 47
12 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликува за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Италија

СО ОРДЕН ЈУГОСЛОВЕНСКА ЅВЕЗДА НА ЃЕРДАН

Beltrani д-р Alvaro Vito, генерален конзул на Република Италија во Загреб.

Бр. 48
12 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ
НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

врз основа на член 217 точка 4 од Уставот на Социјалистичка Федеративна Република Југославија и член 4 од Законот за одликувањата одлучува да се одликуваат за заслуги во развивањето и зацврстувањето на соработката и пријателските односи помеѓу Социјалистичка Федеративна Република Југославија и Република Италија

СО ОРДЕН НА ЈУГОСЛОВЕНСКОТО ЗНАМЕ СО ЗЛАТНА ЅВЕЗДА

д-р Francesco Jerkič, проф. адвокат Filippo Gramatica, д-р Бранко Микулетич.

Бр. 49
12 мај 1971 година
Белград

Претседател
на Републиката,
**Јосип Броз Тито**, с. р.

## С О Д Р Ж И Н А:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 103. | Одлука за минималната откупна цена за шеќерна репа — — — — — — — — | 341 |
| 104. | Одлука за минималната откупна цена за сончоглед и соја — — — — — — — | 341 |
| 105. | Одлука за одредување на стоките за кои стоковните контингенти и девизните контингенти ги утврдува Сојузниот секретаријат за надворешна трговија — — — | 342 |


**Издавач: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и главен и одговорен уредник Исо Барух. Улица Јована Ристиќа бр. 1 — Печати Београдски графички завод, Белград, Булевар војводе Мишиќа бр. 17**